# Предмет: Европски тренерски семинар

## До: Лиценцирани тренери на МТФ

Почитувани,

Од 22-26.10.2014 година во Талин, Естонија се одржа Европскиот семинар за тренери во организација на Тенис Европа и Естонска Тениска Федерација. На ова конференција како представници од Република Македонија присуствуваа Чедомир Јовановски, Дејан Маринковиќ и Горан Шевченко - кој беше во тимот за организација на конференцијата од страна на Тенис Европа.

Самите предавања на конференција беа фокусирани на областа "Развој на врвни натпреварувачи до 14 години" со следните клучни теми:

-Методологија на учењето

-Развоен пат на натпреварувачите до 14 години

-Начини, вештини на подучување кои што се потребни за развој на играчите до 14 години.

## Програма на конференција беше следната:

**Прв ден:**

-Хрвоје Змајиќ (ТЕ/ИТФ): Показатели, информации за Тенис Европа

Официрот за развој на ТЕ/ИТФ за Европа Хрвоје Змајиќ во својата презентација ги запозна тренерите со системот на натпреварување на Тенис Европа до 14 и 16 години и со развојот на истиот во подолг временски период. По презентација која беше анализа низ бројки се отвори мошне интересна дискусија поврзана со системот на надпреварувања на ТЕ. Она што беше забележително е дека големите тениски нации како Германија, Франција итн. беа против силен и гломазен систем на ТЕ а се со цел да го заштитат силниот домашен систем на натпреварувања. Малите тениски земји како Македонија кои што од разни причини немат силен домашен систем на натпреварување го подржуваат оваков систем на ТЕ затоа што тоа е идеална прилика за натпреварувачите од овие земји со мали финансиски средства да настапуват на солидни турнири.

-Мелани Милард (Франција): Не се повеќе деца, а уште не се тинејџери

Квалитетна и интересна презентација на Француски спортски психолог кој што има работено за Француската Тениска Федерација каде што пубертет кај младите надпреварувачи е означен како мошне критичен и осетлив период. Овој период е означен како период преломен кај многу натпреварувачи во однос на избор да ли да се игра тенис понатаму, избор школо или тенис, првите симпатии и заљубувања, физичките промени, менталните промени, итн. Женска популација е означена како супер

осетлива во овој период а на тренерите им е сугериран флексибилен пристап во работата, партнерски однос со натпреварувачите, многу позитивизам, подршка кон надпреварувачите, не потенцирање на негативности итн.

-Јири Следер (Чешка): Профил на успешен четиринаесет годишен натпреварувач

-Петер Борн (Германија): Развоен пат на четиринаесет годишњаците-Германски поглед и перспектива на основ на 20 годишно искуство

Презентација на Германски експерт високо позициониран во Германска тениска федерација кој што низ 20 годишна анализа го има презентирано националниот развоен пат на играчите до 14 год. Следните препораки се интересни:

-играчите до 12 години во главно да настапуваат на турнирите од домашен календар

-на младите играчи да им се остави доволно простор за тениски развој (2 пати годишно по 6 недели)

-играчите до 14 години да настапуват само на 4-6 турнири од календарот на ТЕ

-играчите до 14 години да не играт предолги серии на турнири (2-3 турнири во серија)

-до 17 години школо да биде на прво место, играчи да бидат редовни ученици, не вонредни.

Мора да имаме во превид дека овие препораки доаѓат од тренер кои што работи за голема тениска нација.

-Андреј Левандовски (Велика Британија): Развоен пат - Случај од играч (Player Case Studies)

-Ивес Алегро (Швајцарија): Тениски сојуз на Швајцарија - Национален развоен пат на натпреварувачите до 14 години.

**Втор ден:**

-Карин Борн и Бернард Пестре (Франција): Играчки способности на четрнаестгодишен надпреварувач

-Мелани Милард (Франција): Улога на самопочитување - Усовршување на емоции на терен

-Џими Фернандез (Шпанија): Тестирање на физичка припременост на четирнаестгодишен надпреварувач

-Александар Јургенс (Естонија): Улога на родителите во развој на надпреварувачите до 14 години

Од страна на предавачот препорачано е тренерите да се обидат со родителите на играчите да се направи партнерски и позитивен однос во најголема можна мера, да се изврши едукација на родителите затоа што

родители се тие што активно учествуват во развој на нашите натпреварувачи (финансират, патуват на турнирите, ги гледат мечевите на нивните деца, припремат исхрана, учествуват во набавка на реквизити и спортска опрема итн).

-Претставник на ПОЛАР: Можностите на производите на марката ПОЛАР во тениски тренажен процес.

Од представник на ПОЛАР, компанија која што беше официјален спонзор на семинарот беа презентирани можностите на производите на ПОЛАР во тениски тренажен процес. Како новитет презентиран е производ преку кој тренер на екран може да го прати физичко оптеретување на повеќе натпреварувачи на терен и на тој начин во секој момент да има прецизна контрола во тренингот и да врши дозирање на истиот.

Презентирани се производи кои што се очекуват во блиска иднина да се појават на пазарот и нивните можности.

**Трет ден:**

-Кеви Бијенс и Валентин Патин (Белгија): Развој на играчите до 14 години низ тренинг и патувањата.

-Дејвид Вилсон (Ирска): Ефективни стилови на учење во работа со натпреварувачите до 14 години

-Донато Кампањоли (Италија): Тренерски способности за тактички развој на напреварувачите до 14 години

Поголем дел од предавања беа успешни и на високо ниво, меѓутоа презентација на представникот од Италија беше разочарувачка. Иако содржината на предавањето беше квалитетна, тема исто така. Со своето арогантно однесување, негативен и подценувачки пристап кон натпреварувачите и домашните тренери презентерот покажа како не треба да се работи со младите играчи и да се однесува на тениски терен.

-Марк Ковач (УСА): Повреди на натпреварувачите и можностите на тренинг и надпреварувања

-Дан Торп (Велика Британија): Главни тренерски способности во работа со надпреварувачите до 14 години

-Франк Фон Франкофен (Холандија): Примери на ефективно трененирање на играчите до 14 години

**Сите презентации можете да ги пронајдете на следниот линк:**

http://www.tenniseurope.org/page.aspx?id=28074

Со Почит,
Дејан Маринковиќ